Ст.бр.16/24

Р.

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО**, како првостепен суд и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, постапувајќи по предлогот поднесен од должникот Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги ФАМИЛИ РЕСТОРАН ГАРДЕН Кичево застапувано од сопственикот Фатиме Рамадани од Кичево како должник,преку полн.Адвокат Јелисава Трајкоска Илиевска од Кичево на рочиштето одржано на ден 02.09.2024 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги ФАМИЛИ РЕСТОРАН ГАРДЕН Кичево со седиште на Ул. Јанко Михајлоски Бр.59-111/1 Кичево со ЕМБС 7338252 и ЕДБ 4012019516299 запишано во Централниот регистер на 25.02.2019г. Претежна дејност 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна, со трансакциски сметки со број: 250000102165555 Шпаркасе Банка АД Скопје СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се **ЗАКЛУЧУВА**.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Шпаркасе Банка АД Скопје да ја згасне трансакционата сметка на должникот со број: 250000102165555 а доколку има средства на истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 02.09.2024 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно на должникот му престои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што

донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 16/24 од 02.09.2024 година.

Стечаен судија,
ИЛЈАЗ ИСМАИЛИ

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Полномошник на предлагачот,стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Шпаркасе Банка АД Скопје.